Уп. бр. 08-61

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Метсо Ои (Metso Oyj), со регистрирано седиште на Тоолонлахденкату 2, ФИ-00100, Хелсинки, Финска, доставено преку адвокат Љупка Новеска Андонова од Скопје, на седницата одржана на ден 17.07.2019 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Метсо Ои (Metso Oyj), со регистрирано седиште на Тоолонлахденкату 2, ФИ-00100, Хелсинки, Финска, стекнува самостојна контрола над МекКлоски Интернешнал Лимитед (McCloskey International Limited), со канцеларија на светско ниво на адреса 1 МекКлоски Роуд Кин, Онтарио, Канада К9Ј 0Г6, преку купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3. Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 27.06.2019 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од Метсо Ои (Metso Oyj), со регистрирано седиште на Тоолонлахденкату 2, ФИ-00100, Хелсинки, Финска, со која Метсо Ои (Metso Oyj) ќе стекне самостојна контрола над МекКлоски Интернешнал Лимитед (McCloskey International Limited), со канцеларија на светско ниво на адреса 1 МекКлоски Роуд Кин, Онтарио, Канада К9Ј 0Г6, преку купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото, го утврди следното:

**Метсо Ои** (Metso Oyj) е индустриски конгломерат кој ги опслужува индустриите за рударство, агрегати (анг. *aggregates*), рециклирање, нафта, гас, пулпа (анг. *pulp*), хартија и процесирање.

Една од линиите на производи кои ги нуди Метсо Ои (Metso Oyj) е опрема за дробење и скрининг за агрегати, вклучувајќи, помеѓу останатото, мобилни и стационарни (т.е. фиксни) дробилки, сита (анг. *screens*), фидери (анг. *feeders*), транспортери (анг. *conveyors*), потрошни и резервни делови, како и експертски услуги и услуги за одржување.

Во Република Северна Македонија, активностите на Метсо Ои (Metso Oyj) се лимитирани на продажба на три вида опрема во 2018 година: стационарни дробилки, мобилни дробилки со вилица (анг. *mobile jaw crushing plants*) и стационарни сита (вибрирачка опрема). xxx

Метсо Ои (Metso Oyj) во Република Северна Македонија има:

- регистрирано зависно друштво МЕТСО МИНЕРАЛС ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. „Њуделхиска“ бр. 6-2/4, Скопје, со предмет на работење: трговија на големо со машини за рударство и градежништво и

- претставништво МЕТСО Австрија ГмбХ - ПРЕТСТАВНИШТВО Скопје, со регистрирано седиште на ул. „Њуделхиска“ бр. 6-2/4, Скопје, со предмет на работење: истражување на пазарот и испитување на јавното мислење.

**МекКлоски Интернешнал Лимитед** (McCloskey International Limited) е производител на мобилна опрема за скрининг и дробење. Неговото портфолио на производи се состои од пет линии на производи за дробилки, сита, тромели (анг. *trammels*), одлагачи (анг. *stackers*) и опрема за миење.

Машините се дизајнирани и направени во фабриките во Канада, Северна Ирска и САД. Опремата се продава преку мрежа од околу 100 независни застапништва низ светот.

Во 2018 година, МекКлоски Интернешнал Лимитед (McCloskey International Limited) се стекнало со американската компанија Lippmann, производител специјализиран за машини во индустријата на агрегати и градежништво. Нејзината главна понуда вклучува мобилни и стационарни машини, како што се дробилки и сита. Lippmann е активна главно во САД.

МекКлоски Интернешнал Лимитед (McCloskey International Limited) не е воопшто присутно во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**